**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Национален совет за евроинтеграции**
бр. 30-3183/1
08 јули 2009 година

Почитувани,

Националниот совет за евроинтеграции продолжува со организирање на јавни расправи за законите за кои е неопходна поширока дебата, а која ќе овозможи донесување на квалитетни закони и квалитетна подготовка за прифаќање на обврските од членството на Република Македонија во Европската унија.

Во таа насока, Националниот совет за евроинтеграции има чест да Ве покани да учествувате на:

**Јавната расправа по работната верзија на законот за бесплатна правна помош.**

Јавната расправа ќе се одржи на **14 јули (вторник) 2009 година,** со почеток **во 11.00 часот,** во **Собранието на Република Македонија, во сала Борис Трајковски.**

Јавната расправа е можност да ги претставите Вашите согледувања за состојбата во Република Македонија во областа на обезбедување на правото на бесплатна правна помош како и можност за изнесување на предлози и забелешки на одредбите на законот.

Во прилог Ви се доставува работната верзија на законот за бесплатна правна помош, доставен од Министерството за правда.

Истовремено Ве известувам дека Националниот совет за евроинтеграции до крајот на овој месец ќе одржи уште една јавна расправа по работната верзија на законот за кривична постапка. Истиот ви се доставува во прилог.

Ве молиме Вашето учество да го потврдите најдоцна до 13 јули 2009 година на email: nsei@sobranie.mk, тел. 3113 539, лице за контакт Славјанка Петровска.

Со почит,

**Потпретседател на**
**Националниот совет за евроинтеграции**

**Силвана Бонева**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Собрание на Република Македонија СКОПЈЕ